# БОГОЈА АНГЕЛКОСКИ



## цртежи

## Сончев зрак и солза на аголот од прозорецот

*Кога, по извесен апстиненцијален, скоро десетгодишен излагачки вакум, Богоја Анѓелкоски повторно се врати на ликовната сцена, најнапред со изложбата на скулптури „Приказни и сон“ (МГС - Скопје, 2003) а, подоцна и цртежи „Детето со летало“ (Центар за култура АСНОМ - Гостивар, 2004), беше сосема јасно дека не доаѓа како обичен партиципант, туку веќе пројавен, респектиран, признаен автор со евидентни творечки резултати кои уште на стартот го уврстија меѓу значајните претставници на современата ликовна мисла кај нас.*

*Несомнено, тоа што плени уште на првата средба со неговиот опус и тоа што го прави автентичен творец е невообичаената непосредност и привидна едноставност на ликовниот израз. Во взаемна резонантна врска, симбиоза и нераскинлива поврзаност се испреплетени неговата чувствителна сензорска осетлива творечка насоченост со самата природа, со нејзината раскошно распослана даденост. Треба да се одбележи дека во ниту еден момент не се глорифицираат и мистифицираат импулсите што таа ги рефлектира, туку, низ суптилна и непосредна доживелица, одмерен ликовен ракопис и редуциран вокабулар, се настојува комплексните феноменолошки системи да попримат третман на ренгенско опсервирање, поедноставување и транспонирање на појавностите од објективниот свет. Во таа смисла, присутен е константен пристап кој има многу слична, скоро истородна агнациска припадност и коренспондентност и кон скулптурата и кон цртежот.*

*Создадените ликовни творби го оправдуваат своето постоење бидејќи ја имаат и вистинската причина на настанувањето која лежи токму во самиот живот, но согледан од поинаков агол каде што е поважно нештата да се идентификуваат не онакви какви што тие всушност се, туку онакви какви што не се, онакви какви што само авторот може да ги распознае. Тие ја потврдуваат својата функционална егзистентност бидејќи се продукт на целисходно сконцентрирана, бајковито настроена продуховеност која истовремено се поттира на искрен и спонтан креативен предизвик, не отфрлајќи ја можноста дури и за детектирање на извесни импликации со филозофски проседеа. Со поглед на буден сонувач и фантаст, со восхит на детска занесеност, преку мирен, тивок концепт на ликовното размислување, дисциплинирана или пак вибрантна линија со очигледна нерватура, строго ограничени форми или меко моделирани структури, свесно елиминирајќи некои фигуративни препознатливости и негувајќи пристап кон извесна стилизација, знаците и симболите се доведуваат до пречистена елементарна нужност и суштина на нивното значење.*

*Гоце Божурски*



**„Езерце“**
*фломастер, лавир-туш*
*15,7 x 10 см*



**„Три нијанси на сивата и весела приказна на моливот“**
*молив*
*12,7 x 20 см*



**„Црно мало облаче“**
*фломастер*
*21,5 x 16 см*



**„Дозирано невреме“**
*фломастер*
*20 x 14,8 см*





**„Вљубени квадрати“**
*фломастер*
*21,5 x 16 см*



**„Цвет, око, поглед“**
*фломастер*
*15,5 x 20 см*



**„Сончев зрак и солза на аголот од прозорецот“**
*фломастер, лавир-туш*
*15,8 x 11,7 см*

**Богоја Ангелкоски** роден 1963. во Печково, Гостивар.
Дипломирал на ФЛУ во Скопје - отсек вајарство во класата на проф.Стефан Маневски.

**Самостојни изложби:**

2004. - Гостивар - Центар за култура „АСНОМ“ - „Цртежи“
2004. - Гостивар - Центар за култура „АСНОМ“ - „Цртежи“
2003. - Скопје - Музеј на град Скопје - „Приказни и сон“
1994/95. - Гостивар, Спомен дом на културата „АСНОМ“ - „Скулптури и Цртежи“
- Куманово, Уметничка галерија
- Битола, Уметничка галерија „Моша Пијаде“
- Велес, Ликовен салон
- Скопје, Музеј на современата уметност

1988. - Скопје - Дом на младите „25 Мај“

**Групни изложби:**

2004. - Скопје - Музеј на современата уметност, Зимски салон
2003. - Скопје - Музеј на град Скопје, „50 години“- годишна изложба на ДЛУМ
1994. - Скопје - Уметничка галерија, Трет зимски салон
1993. - Скопје - Музеј на современата уметност, Четврто биенале на младите
1993. - Скопје - Уметничка галерија, Четврто биенале на ситна пластика
1993. - Скопје - Уметничка галерија, Втор зимски салон
1992. - Скопје - Музеј на град Скопје, „Ситна пластика (македонска компоненте)“
1990. - Скопје - Музеј на Македонија, ФЛУ - Скопје 1980 - 1990
1989. - Кикинда - салон на младите
1989. - Скопје - уметничка галерија, Ликовни уметници дипломирани на ФЛУ
1988. - Скопје - изложбен салон на Домот на ЈНА, Годишна изложба на дипломирани студенти
1987. - Скопје - уметничка галерија, годишна изложбан а ДЛУМ
1987. - Сараево, collegium artisticum, студентска манифестација „Заедно“
1986. - Сараево, collegium artisticum, студентска манифестација „Заедно“

**Награди:**

1994. - Скопје, Специјална награда за скулптура на 4.биенале на младите, МСУ
1993. - Скопје, награда „Нерешки мајстор“ за скулптура на 2.зимски салон на ДЛУМ
1989. - награда за најдобра изложба на млад автор за скулптура од Културно просветна заедница на Македонија
1987. - Скопје, годишна награда за скулптура на ФЛУ

Адреса: Трифко Андоноски 20; 1230 Гостивар
тел: ++389 42 272 200
e-mail: *bogojaangelkoski@hotmail.com*

Издавач: МУЗЕЈ НА ТЕТОВСКИОТ КРАЈ - Тетово
Организација на изложбата: Центар за култура „АСНОМ“ Гостивар,
Гостивар, август 2004.
Одговорен уредник: Весна А.Миноска
Текст: Гоце Божурски
Фотографии: од архивата на авторот
Печати: ТОТЕМ, Скопје

Изложбата е организирана со финансиска поддршка на Министерството за култура на Р. Македонија